Основните цели во овој плански документ се во функција на оптимална проекција (процена на потребите) на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард со цел да се постигне изедначување на условите за живеење во сите делови на градот, изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување, асеизмичка градба на станови и целосна замена на станбениот фонд со низок стандард и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправната градба. Во просторна смисла, домувањето во иднина треба да се развива во правец на разбивање на крутите граници помеѓу одделните зони и создавање на интегрални простори во кои животот пулсира во сето свое богатство и разноликост. Домувањето не треба да значи само задоволување на примарните и редуцираните секундарни потреби и функции во рамките на строго дефинираниот стан.

За остварување на таквите функции на домувањето, организацијата на зоните за домување треба да ги обедини објектите со сите оние општествени објекти и слободни простори кои по својата функција

припаѓаат на секојдневниот живот и треба да се што поблиску до становите-центри за снабдување, училишта, детски институции, општествени објекти, простори за одмор и спорт.

Од класата на намени А-Домување, покрај класите на намена А1 и А2, според новата номенклатура на намени има и површини со класа на намена А3-групно домување, од кои се застапени: дом за стари и средношколски дом :

Во доменот на класата на намена А3 групно домување има еден објект за згрижување на стари лица- Дом за стари лица со капацитет од 30-50лица. Очекуваниот број на корисници економски не оправдува изградба на нови вакви објекти, туку дооформување на постојниот и целосно искористување на неговите просторни капацитети за основната намена(приземјето моментално е угостителски објект кој не е во функција).

Згрижувањето на стари и изнемоштени лица, бара стандарди и тоа 3 места на 1000 жители, а површина на објектот мин. 15 м^2 по корисник, а површина на комплексот мин. 30 м^2 / корисник.

Во урбаното подрачје на град Гостивар домот за стари лица се наоѓа во Блок 7, со површина на локација од 3060м^2. Очекуваниот број од корисници би бил до 93 лица. Во постоечкиот дом, што е насловен како Дом на пензионери, капацитетот е 30 корисници, што значи дека на дадената површина со доградби-надградби би можело да се зголеми капацитетот.

Треба да се размислува овај објект, во планскиот период до 2021год. да добие функција на геронтолошки завод, во услови кога, се јавува зголемена потреба за сместување на стари лица, посебно што постои голем процент на луѓе од постара возраст со мали средства за живот и со нарушено здравје, за кои треба да се создадат услови кои ќе овозможат старите луѓе да го продолжат нормалниот начин на живеење, без да го загубат чувството за интеграција со другото население.

Од класата на намена А3 групно домување во Гостивар има средношколски ученички дом.

Тоа е објект за сместување на средношколска популација, средношколски дом "Бранко Станоевиќ", што се наоѓа во Блок 8. Овај објект го користат ученици од поширокиот регион и Републиката, со комплетни пансионски услуги. Капацитетот на објектот е 260 ученика или 5.5%од вкупните средношколски ученици, и се користи скоро максималниот капацитет. Површината на градежната парцела изнесува 4710м^2, а под објект е 1588м^2. Објектот е со П+4 ката, и корисна површина од 4710м^2.

Од Групата класи на намена А-домување само класата на намени, А0- домување во станбени куќи со посебен режим, не е застапено во планскиот опфат на Измена на ГУП Гостивар, бидејќи не е пројавен интерес за инвестирање во ваков вид на домување.

4.2.2.1.1. Дефинирање на станбените потреби

Станбените потреби се дефинираат како потребен број станови кои треба да се изградат, со цел за подобрување на станбените услови во одреден временски период до соодветен прифатлив стандард. Терминот станбени потреби се користи во социјална смисла за да се изрази дали и колку станбените услови паѓаат под нивото или стандардот кој се смета за неопходен за здравје, приватност и развој на нормални семејни односи и услови за живеење.

Потребите од нов станбен фонд може да се групираат во две групи:

-Прво, потреби за подигнување на постојниот стандард на домување, каде спаѓаат: станови потребни за редуцирање на односот број на домаќинства по стан; станови потребни за редуцирање на односот број на соби по стан; станови потребни за замена на субстандардниот станбен фонд;

-Второ, идни потреби, односно потреби кои ќе се јават во текот на планскиот период: нови станови по основ пораст на населението со природен прираст; нови станови по основ пораст на населението по пат на имиграција; нови станови по основ замена на амортизираните, според усвоената стапка на годишна замена.

Врз основа на вака дефинираните потреби, се одредуваат вкупните станбени потреби. Целите на проекцијата не се сведуваат само на квантитативно задоволување на потребите, односно обезбедување на потребната станбена површина, туку и квалитативно подобрување на сите елементи на станбениот стандард. Проекцијата на потребниот станбен простор поаѓа од стандардите 20 м^2/жител, 40-80 м^2/стан (оптимална големина) и 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд. Според тоа, проекцијата на станбените потреби на Гостивар, за планскиот период до 2021 год. е:

Табела 1:

Број на жители во 2021 година	55000
Број на домаќинства во 2021 година	13000
Постојни станови во 2002 година	12635
Постојни домаќинства во 2002г.	11216
Постојни станови кои се задржуваат	9933
Нови станови по основ на замена на субстандардни станови	**1283**
Нови станови по основ на пораст на население	**1784**
Станови по основ на намалување на прос. бр. на жит./домаќ.6%	**111**
Вкупно нови станови за градба	**3178**
Вкупно станови во 2021 година	15813

Значи Гостивар во планскиот период има потреба од 3178 нови станови. Разликата помеѓу бројот на домаќинства и вкупниот број на станови во 2021г. е 2813 стана што се должи на реалниот станбен суфицит

што постоел и во предходниот период (по Пописот од 1994год. тој е 466 стана). Односот стан/домаќинство по Пописот 1994г. е 1.06, а во овај плански период е 1.22.

4.2.2.1.2. Просторна разместеност на станбениот фонд

Со демографската прогноза, односно добиениот број на население за планскиот период, се добива претстава за демографскиот пораст на секој блок, односно урбана единица во рамките на урбаното подрачје на град Гостивар.

Со оглед на фактот дека се работи за простор кој е во голем процент изграден, сепак ќе направиме редистрибуција на станбените потреби во просторот, во зависност од бројот на жители во секој блок посебно.

-Просторна разместеност на становите по блокови апроксимативно би било:

урбани единици	блокови	број на жители	станови
А.		13515	3194
	1	1966	465
	2	1553	367
	3	1186	280
	4	2116	500
	5	1492	353
	6	1302	308
	7	1500	355
	8	1400	330
	9	1000	236
Б.		9650	2139
	10	639	151
	11	2469	581
	12	2093	495
	13	2001	474
	14	1081	257
	15.	767	181
	16	-	-
В.		14983	3471
	17	2055	486
	18	847	200
	19	1187	281
	20	2647	626
	21	1100	260
	22	1354	320
	23	2252	532
	24	2184	516
	25	1057	250
	26	-	-
	27	-	-
	28	-	-

Г.		**15254**	**3583**
	29	-	
	30	1170	277
	31	3372	797
	32	1951	461
	33	2281	539
	34.	1406	333
	35	1552	367
	36	2161	511
	37	1261	298
Д.		**2598**	**613**
	38.	-	-
	39.	1000	235
	40.	-	-
	41.	1598	378
	42.	-	-
Вкупно:		**55000**	**13000**

4.2.2.1.3.Квантификација на станбените потреби

Тргнувајќи од прогнозата дека просечен број членови на едно домаќинство во 2021 год. ќе биде 4.23 члена, а сметајќи по 20м^2 по легло корисна подна станбена површина, се доаѓа до заклучокот дека становите кои ќе се градат до 2021 год. ќе имаат мин. просечна големина од 85.00 м^2. Новите станови кои ќе се градат треба да бидат комплетно опремени со инсталации. Исто така неопходна е и целосна супституција, односно елиминирање на субстандардниот станбен фонд. За реализација на прогнозираните станбени потреби, ќе биде потребана корисна станбена површина од 1 099 800.00м^2.

Тука треба да се нагласи дека стандардот на становањето во 1994 год. е оценет како релативно задоволувачки со просечна површина по 1 стан од 79,4 м^2 за градот Гостивар, а по едно лице 18,6 м^2 станбена површина. Во структурата на становите доминираат повеќесобните станови, бројот на мали станови е незначителен, екипираноста на становите со инсталации е исто така на високо ниво, така да во наредниот период напорите треба да се насочат кон уредување на непосредното опкружување на станбениот фонд со што ќе се создаде хумана средина за живеење на населението во градот.

4.2.2.1.4. Основни показатели на стандардот на домување

Начинот и условите на домување се одраз на културата и степенот на цивилизираност на населението од една страна и одговорноста, грижата и степенот на хуманизираност на државата, поради што државата треба да ја креира станбената политика заснована врз цврсти основи и јасни определби. Стандардите за обезбедување адекватен станбен простор за секое домаќинство се една од позначајните општествено-економски цели. Со нивно оптимално определување и реализација, треба да се

обезбеди подобрување на условите за домување, зголемување на просечната големина на становите и подобрување на нивната комунална опременост со неопходни инсталации (водовод, канализација, електрика, парно греење).

За утврдување на основните показатели на стандардот на домување, тргнуваме од основниот услов за обезбедување квалитетен стандард на домување, а тоа е одделување на дневниот боравок од спиењето во станот. Потребната станбена површина по жител во Републиката е одредена со Правилник за стандарди и нормативи за уредување на просторот - просечно станбена површина по жител да изнесува 20 м^2.

4.2.2.1.5. Основни карактеристики на зоните за домување

Густината на домување го изразува односот помеѓу жителите на одредена површина и самата површина. Битен елемент при одредување на густината на домувањето се животните услови на населението. Густината зависи од концепцијата на урбанистичкото решение и висината на изградба на објектите. Може да се изрази како бруто и нето, во зависност од површината во однос на која се изразува (бруто или нето површина). Нето површина на домување подразбира површина наменета само за домување, додека во бруто површината се вклучени и придружните функции на домувањето. Густината на домување е плански показател на единицата на домувањето, кој е условен со карактерот на изградбата, процентот на изграденост, број на жители, број на станови, површина наменета за домување, рекреација, работа, сообраќај и пратечки објекти. Густината е различна во различни делови на градот, односно во сите блокови, како резултат на различните параметри на градба. Густината на домување го одредува типот на домувањето во рамките на зоната за домување. Домувањето може да биде во блоковите со домување во станбени куќи-А1 или домување во станбени згради-А2, односно мешовити блокови.

Нето густината на домување во блоковите, усвојуваме да е помеѓу 100 и 200 жтели на хектар, во зависност каков тип на домување имаме. За урбаното подрачје на Гостивар усвојуваме: домување во станбени куќи-А1 - густина 100-120 ж/ха; мешовити блокови - густина 120-150ж/ха; домување во станбени згради-А2- густина 150-200ж/ха. Табеларно густината на домување по блокови изгледа вака:

Густини на домување (нето и бруто) жители/хектар

урбана едини-ца	блок	број на жители	бруто површ. на домува-ње ха.	бруто густи-на ж/ха.	нето пов. под домува-ње ха.	нето густи-на ж/ха.
А - Центар		**13515**	**175.257**	**77**	**125.926**	**107**
	1	1966	24. 618	80	20.617	95
	2	1553	18. 923	82	15.262	102
	3	1186	22.578	53	12.089	98
	4	2116	22.485	94	18.661	113
	5	1492	14.224	105	12.963	115

	6	1302	13.068	100	11.301	115
	7	1500	18.948	79	13.208	114
	8	1400	18.643	75	12.109	116
	9	1000	21.770	46	9.716	103
Б- Дутлок		**9050**	**142.863**	**63**	**89.570**	**101**
	10	639	7.011	91	5.769	111
	11	2469	29.549	84	23.059	107
	12	2093	26.853	78	21.458	98
	13	2001	22.522	89	20.319	99
	14	1081	14.901	73	11.724	92
	15	767	13.439	57	7.241	106
	16	-	28.588	-	-	-
В-VI,VII,VIII зона		**14683**	**227.291**	**65**	**130.754**	**112**
	17	2055	22.588	91	20.043	103
	18	847	9.641	88	7.677	110
	19	1187	31.845	37	20.762	57
	20	2647	25.653	103	22.443	118
	21	1100	13.027	84	7.883	140
	22	1354	12.496	108	10.783	126
	23	2252	23.160	97	17.657	128
	24	2184	26.088	84	18.450	118
	25	1057	15.176	70	5.056	209
	26	-	16.154	-	-	-
	27	-	12.916	-	-	-
	28	-	18.547	-	-	-
Г-Питарница, Караагач		**15154**	**176.584**	**86**	**132.031**	**115**
	29	-	18.585	-	-	-
	30	1170	12.432	94	11.054	106
	31	3372	34.149	99	30.361	111
	32	1951	21.870	89	16.975	115
	33	2281	22.369	102	19.060	120
	34	1406	15.098	93	13.177	107
	35	1552	17.413	89	14.093	110
	36	2161	23.734	91	16.377	132
	37	1261	10.934	115	10.934	115
Д-Млаки		**2598**	**82.199**	**32**	**17.845**	**146**
	38	-	11.548	-	-	-
	39	1000	21.711	46	0.504	1984
	40	-	18.098	-	-	-
	41	1598	20.472	78	17.341	92
	42	-	10.370	-	-	-
Вкупно:		**55000**	**804.194**	**68**	**498.701**	**110**

4.2.2.2. -Б- Комерцијални и деловни намени

Карактеристично е да се спомне дека основното обележје на групата на класи на намена Б-комерцијални и деловни намени се стопаските дејности од овој сектор-комерција што подразбира обавување на: трговија, различен вид на услуги (угостителство, туризмот, занаетчиството, деловни објекти и др.). Воглавно во оваа класа на намени спаѓаат порано таканаречениот "терцијарен сектор "на стопанството. Основна карактеристики на овие дејности е промет и услуги.

Развојот на овие дејност е условен од примарниот и секундарниот стопански сектор припомогнат од степенот на урбанизацијата, од начинот на живеење и нивото на стандардот на населението.

Или со новата номенклатура во оваа група на класа на намени Б-Комерцијални и деловни намени (апроксимативно планирани 15.231ха)

спаѓаат следните класи на намени:

- Б1- мали комерцијални и деловни дејности во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини, наменети за продажба, излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки,пошти, ителектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и слично. Во оваа намена се планирани и површините за поранешните локални центри кои беа планирани со стариот ОУП на Гостивар од 1986г.

Застапеноста во планската документација е со 0.813ха како посебни објекти исклучуво со таа намена, додека поголемиот дел од објекти од оваа класа на намена се во склоп на др. објекти како компатибилна намена на домувањето и сл. Со новите транзициони процеси трговијата воглавно се уситни, односно се одвива на многу помали површини, големите трговски стоковни куќи се претвораат во трговски објекти со уситнети продажни површини, со различни инвеститори и различни асортиман. Исто така се јавуваат и многу продажни капацитети во индивидуалните станбени објекти и се во централното градско јадро, а и пошироко, во објектите што ги пратат главните комуникации.

Помали угостителски објекти, (кафеани, кафе-барови, слаткарници, ноќни локали, диска, др.) има повеќе, и се со променлив квалитет и број.

Во урбаното подрачје на градот Гостивар, според Министерството за финансии, се регистрирани самостојни вршители на дејности и тоа: трговија на големо, трговија на мало,трговија со мешовити стоки, превоз на патници, превоз на стока и др.

Во планскиот период се очекува, регистрација на нови субјекти, но и затворање на извесен број стари, што значи точниот број на правни лица не можеме да го дефинираме.

Класата на намени Б1-мали комецијални и деловни намени, воглавно на урбаното подрачје на градот се одвива во сколоп на семејникуќи, семејни згради, трговски комплекси, бзнис центри и сл.

Точната површина на ангажираниот простор за оваа намена, во семејнитете куќи и згради, не можеме да ја дефинираме пред се поради уситнетоста, на просторот и поради варијабилноста, во поглед на отворање и затворање на многу вакви објекти.

- Б2- Големи грговски единици, како основна класа на намена, во кои спаѓаат сите видови трговија, на мало која се остварува во самостојни објекти или во значителни делови од објекти како што се трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети, затворени пазари и пазари на отворено.

Застапеност во планска документација 9.552ха
- трговски центри 3.795ха
-др. содржини од оваа намена 5.757ха

- **Трговски центри**

Што се однесува до трговските центри, според дјноста што се одвива, ги имаме повеќе видови:

-Трговски центри - ***исклучиво за трговија***: ТЦ "Импортане", ТЦ "Сатекс", ТЦ "Де-јуре", "Сити-центар", "Гетро" и др.

-Трговски центри -***деловно-услужни***, каде се одвиваат дејности пред се од, угостителството, услуги од јавниот сектор-пошта, банка, судство и сл. пропратено со трговија. Такви центри се: во блок бр. 3 (спроти објектот на Локалната самоуправа), блок бр. 8 на ул. "Борис Кидриќ" (почетокот на ул."Беличица").

Планирани се и потези со генерална намена Б2 -големи трговски единици во кои ќе може да се мешаат сите поединечни класи на намена од групата Б и нивните компатибилни намени. Од оваа намена се планираат: површини во Блок 21, 24, 26, 27.

- Трговски центри- ***трговско-занатски***, каде ќе се одвиваааат дејности пред се од малото стопанство, занаетчиството и сл. услуги пропратени со трговија. Овие центри не се посебно планирани, туку истите ќе бидат содржани во претходно елаборираните. Занаетчиството, како што спомнавме во документационата основа на град Гостивар е доста застапено. Опстојуваат повеќе вида занаети, пред се златарскиот, шнајдерскиот, лимарскиот, часовничарскиот, чевларскиот и др. Сите овие занаетчии ги користат деловните простори во приземјето, како на семејните, така и на заедничките станбени згради, со исклучок на оние занаети кои предизвикуваат бучава и загадување, како што е на пример столарскиот занает, бичење на граѓа, ќе најдат место надвор од населеното место во сервисната зона. Дејности од занаетчиството ќе можат да се вршат и во трговско -занаетчиските центри во склоп на Трговските центри.

Треба да се напомене дека некои занатчиски работилници ќе прераснат во мини погони, односно ќе се формираат мало-стопански комплекси, кои во наредниот период ќе завземат значајно место во градот, но во зони со др. намена .

Како предлог во планскиот период се предвидува во склопот на овие трговски центри да има и Бизнис центари- административно деловни објекти.

Во планскиот период се очекува пазарите во урбаното подрачје на градот да ја задржат својата функција, но со редуцирана површина, која би се вклопила во новопланирани трговски центри.

Така, на дел од локацијата на големиот пазар, во урбан блок бр 2, се планира да се изгради објект, Трговски центар: со отворен зелен пазар во приземје, со комерцијално-деловен простор на катовите и подземно гаражирање.

На постојната локација, на малото зелено пазарче се планира да се изгради објект- Трговски центар, како комплекс од повеќе мешани

компатибилни намени. Таков трговски центар е планиран и во Блок 1, спроти Домот на култура.

- Б3-Големи угостителски единици во кои спаѓаат сите видови угостителски дејности кои се вршат во самостојни градби, или во значителни делови од градбите, како што се ресторани, таверни, ноќни клубови, казина и дискотеки;

Застапеност со 0.310 ха површина.

Вакви големи угостителски единици се планираат како нов тренд, а тоа се големи ресторани за свадби и др, големи свечености со капацитети од над 300 гости. Вакви содржини се планирани во Блок 12.

- Б4-деловни дејности кои се одвиваат во големи канцелариски простори од трговски друштва, акционерски друштва, управни згради, професионални и финансиски сервиси и сл.

Застапеност во планска документација со 0.183 ха површина.

Во оваа класа на намена се управните згради на ЕВН и поштенска банка, осигурителни компании и сл.

- Б5- Хотели во кои спаѓаат сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер. Застапеност во постојна состојбасо 0.126 ха површина.

Гостивар како најголем урбан центар во Мавровскиот туристички регион служи пред се како транзитен центар за сите посетители.

Токму затоа, поголем хотелско - угостителски центар во урбаното подрачје, нема, освен хотелот "Централ" кој денес не работи,.

Според ОУП на Гостивар, од 1986год. во терминалната година, се планира градот да располага со вкупно 310 легла, од кои 150 да бидат во основните рецептивни капацитети, а другите 160 да бидат во комплиментарни објекти. Леглата во основните рецептивни капацитети, се сместени во постојни објекти, само со нивно проширување, доградби и надградби (хотел "Централ"), или со изградба на наполно нов репрезентативен објект на локацијата на постојниот хотел, со што би се задоволиле сите планирани потреби од легла.

- Б6- Простори за собири во кои спаѓаат сите видови градби со трибини за гледачи како што се стадиони, спортски и повеќенаменски сали,саеми и сл.

Застапеност во планската документација (апроксимативно) со вкупно 4.085ха, од кои како објекти се:

-Градскиот стадион се планира покрај реката Вардар, во Блок 16, во населба Дутлок, на просторот на постојниот стадион кој сега има само фудбалски терен со трибини и пратечките простории, како што се гардероби и канцаларии. Планираната површина за градски стадион е повекекратно зголемена со тоа што градскиот стадион треба да добие современ изглед и содржини од различен карактер, со трибини за најмалку 15-20 000 гледачи.

- Спортската сала во Гостивар, центар за спортските збиднувања

Објектот има капацитет од 2000 седишта за публика при спортски натпревари. Постојат помошни простории, гардероби, административен дел. Спортската сала е отворена за сите граѓани на Гостивар. Постојат кошаркарски ,

инфраструктурата: пристапни патишта, паркинзи, патеки низ гробиштата, хортикултурно уредување, осветлување, и сл.

4.2.2.6. Е- Инфраструктура

Воглавно во оваа група на класи на намени спаѓаат сите видови на инфраструктурни објекти, градби и слично. Или со новата номенклатура во оваа група на класа на намени Е- инфраструктура (планирани апроксимативно 85.400 ха) спаѓаат следните класи на намени:

4.2.2.6.1. Е1- Комунална инфраструктура

Во оваа класа на намени спаѓаат сите видови сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура и слично.

4.2.2.6.1.1.Планирана улична мрежа-сообраќајници

Новиот концепт на планирана улична мрежа во рамките на урбаниот простор е резултат на следните истражувања.

- Геосообраќајната положба на градот во поширокиот сообраќаен регион на Р.Македонија и надвор од границите на Р. Македонија.
- Внатршната органска расчленетост на урбаниот простор на градот по одделните функционални целини (работни зони, домување, административни зони, градскиот центар, трговски зони, рекреативни зони, здравство, школство и сл.) како и постојниот урбан кордон, природните услови, реката Вардар и природната конфигурација на теренот.

Категоризацијата на уличната мрежа од претходниот план е напуштена и применета е нова категоризација во согласност со затечена, непроменлива постојна состојба, Закон, како и позитивни стандарди и нормативи за планирање.

Во овој Генерален урбанистички план обработени се следниве категории:

- магистрални улици ,
- собирни улици и
- сервисни улици.

Магистралните и собирните сообраќајници го сочинуваат новиот концепт на примарната улична мрежа за Гостивар, додека секундарната улична мрежа во чиј состав према Законот влегуваат сервисните и локалните (станбени) улици и пристапи делимично се предмет предмет на Генералниот урбанистички план. Ова се однесува на дел од сервисните улици кмои се дел од сообраќајниот план на оваа Измена на ГУП Гостивар, додека локалните улици не се предмет на измена.

Тие сообраќајници ќе бидат предмет на планирање во Деталните урбанистички планови. Категоризацијата на новата планирана улична мрежа во чиј состав се и добар дел од постојните улици извршена е врз основа на:

- Критериумите дадени во Законот за јавни патишта т.е. меѓусебниот однос на улиците и нивното поврзување со магистралните, регионалните и локалните патишта т.е. екстремната патна мрежа која е и основна патна мрежа на Р. Македонија.
- Постојната состојба на уличната мрежа во градот Гостивар при што најважни елементи се регулационата ширина и состојбата на коловозната конструкција.
- Резултатите од сообраќајната студија, дадено во посебно поглавје т.е. сообраќајното оптоварување на "активниот сообраќај" по интензитетот, правец и насока, на "пасивниот сообраќај и проблемите на паркирање".
- Проблемите со пратечките објекти (бензиски пумпи и сервиси за моторни возила) како и проблемите со јавниот, приградски и градски сообраќај и такси превозот.

Карактеристично е да се напомене и фактот на регулационата ширина на сообраќајниците во чиј состав влегува коловозот (ленти за возење и ленти за паркирање) зеленило, тротоари и велосипедски патеки, не кореспондираат секаде со рангот на уличната мрежа. Причина за тоа е постојаната улична мрежа реализирана во изминатиов период, а тоа се улици со поголеми димензии на регулационата ширина, а на кои не се очекува поголем интензитет на сообраќајно оптоварување. Со тоа тие се од пониска категорија, но тоа е постојна состојба и нема оптоварување да се менува габаритот на улиците.

-Магистрални улици :

Тоа се сообраќајници кои поминуваат низ поголемиот дел од градот Гостивар и се надоврзуваат надвор од опфатот на магистралниот пат А-4 (поранешна М-4 Скопје-Охрид), делница Тетово - Гостивар, како и на регионалните патишта Р-1206(поранешна Р-402) Скопје - Тетово - Пирок - Гостивар, Р-2233(поранешна Р-404) - Гостивар - Чегране Ѣ Тетово, Р-2231 (поранешна Р-408), Гостивар - Србиново - Растеш и Р-29279 (поранешен крак на магистрален пат К5-М4 врска со М-4-Вруток) Гостивар-Вруток.

Габаритот на попречниот пресек на магистралните улици т.е. нивната регулациона ширина е следна:

М - 1, М - 2 со ширина од 24,00 м (два коловози 2 х 7,0м, разделно зеленило 2,0м велосипедски патеки 2 х 1,5 м. и тротоари 2 х 2,00 м).

М- 3, М-3' и М - 4 со ширина од 20,00 м (коловоз од 13,00 м, велосипедси патеки 2 х 1,5 и тротоари 2 х 2,0 м.)

М -5 со ширина од 13.00м. (коловоз 9.00м. и тротоари 2х2.00м).

М - 5' со ширина од 11,00м(коловоз 7.0 и тротоари 2 х 2,0 м.)

М - 6, со ширина од 10.00м. (коловоз 7.00м. и тротоари 2х1.5м).

Ваков различен габарит на магистралните улици е условен од постојната состојба каде на големи потези на уличната мрежа не може да се менува поради изграденоста на вредни станбени и други објекти.

Магистралните улици се поклопуваат со постојаните имиња на улиците, а на некои делови се како ново проектирани и тоа:

М - 1 дел од сегашен магистрален пат Скопје-Охрид А-4 со работно име Н.П. ул. "1" Л=3124.9м(+краци од крстосници Л=1060.0м)

М - 2 ул. " Булевар Браќа Ѓиноски"(дел од клучката во две нивоа до првата крстосница-кружен ток) Л=396.1м(+краци од крстосници Л=31.4м+ 343.7м=375.1м)

М - 3 ул."101" и се надоврзува на Р - 2233 - Гостивар-Чегране-Тетово Л=1673.7м

М - 3' дел од ул."Илинденска" и се надоврзува на Р - 2233 - Гостивар-Чегране-Тетово Л=1144.9м

М - 4 Н.П. ул. "2" од крстосница со М-1 на запад до крстосница со ул."Беличица" на исток (М-5'која се надоврзува на југ на Р - 2231, Гостивар-Србиново-Растеш) Л= 3156.2м(+крак од крстосница со М-1 Л=80.6м).

М - 5 Н.П. ул."3"- од крстосница со Се-3 и М-1 на север до крстосница со М-5' на југ и се надоврзува на Р - 2231,(Гостивар-Србиново-Растеш), Л=3575.7м во плански опфат и 459.9м надвор од плански опфат

М - 5´ул. "Беличица" од крстосница со М-5 , се надоврзува Р - 2231, (Гостивар-Србиново-Растеш) Л= 725.4м во плански опфат и 478.1м надвор од плански опфат

М - 6 ул."Дебрешки пат" почнува од завршетокот на клучката во две нивоа кај "Македонија пат" и се надоврзува кон с. Дебреше на Р - 1206 Скопје-Тетово-Пирок-Гостивар кон северозапад. Л=393.2м (+крак од крстосница со М-1 Л=80.9м).

Системот на магистрални улици го поврзува сообраќајниот систем на градот со системот на државни патишта во Р.Македонија-магистралните и регионалните патишта

-Собирните улици :

Овие улици по дефиниција се сообраќајници во населено место кои го собираат сообраќајот од сервисните, станбените и локалните улици и се поврзуваат со магистралните улици или локален пат. Во овој Генерален урбанистички план на Гостивар планирана е една собирна улица со планиран профил:

СО-1, Н.П. ул. "4"со регулациона ширина од 20,0м. (коловоз 13,0(4 х3.25м)м., велосипедски патеки 2 х 1,5 м и тротоари 2 х 2,0м.) -потегот од ул. "ЈНА" на југ до магистралната улица М-1 на север(дел од сегашен магистрален пат Скопје-Охрид А-4 со работно име Н.П. ул. "1") Л=746.8м.

-Сервисни улици

Сите останати сообраќајници се од секундарната улична мрежа на Гостивар, и се обработени во оваа Измена на Генерален урбанистички план. Категоризирани се како сервисни улици. Тие претставуваат врска помеѓу магистралните и собирните улици и на нив ќе биде надоврзана и локалната улична мрежа , т.е. станбените улици што не се предмет на овој ГУП. Во ГУП-от предвидени се 11(единаесет) типа на сервисни улици према регулационата ширина и тоа:

СЕ-1, СЕ-2, со регулациона ширина од 24,00 м (два коловози 2 х 7,0м, разделно зеленило 2,0м, велосипедски патеки 2 х 1,5 м. и тротоари 2 х 2,00 м). СЕ-1 е делот од ул "Булевар Браќа Ѓиноски"(од првата крстосница-кружен ток до крстосница со ул"ЈНА" Л = 812.8м, и продолжува како дел од ул "Булевар Браќа Ѓиноски"(од крстосница со ул. " Живко Брајкоски" и " Кеј Вардар" до крстосница со М-2 на југ, Л = 328.9м, СЕ-2 е ул. "Булевар Гоце Делчев" Л=737.9м.

СЕ-1' е делот од ул "Булевар Браќа Ѓиноски"(од крстосница со ул"ЈНА" до крстосница со ул" М. Ч. Филипоски",со регулациона ширина од 19.50 м (два коловози 2 х 6,0м, велосипедски патеки 2 х 1,50 м. и тротоари 2 х 2.25 м)., Л = 151.2м,

СЕ-1'" е делот од ул "Булевар Браќа Ѓиноски"(од крстосница со ул" М. Ч. Филипоски" до крстосница со ул. "Живко Брајкоски" и "Кеј Вардар" со регулациона ширина од 21,00 м (два коловози 2 х 6,0м, разделно зеленило 2,0м, велосипедски патеки 2 х 1,5 м. и тротоари 2 х 2.00 м).Л = 285.6м.

СЕ-3, СЕ-4, СЕ-4', СЕ-5 со регулациона ширина од 20,0м. (коловоз 13,0(4х3.25м)м., велосипедски патеки 2 х 1,5 м и тротоари 2 х 2,0м.), со регулациона ширина од 20,0м. (коловоз 12,0 м. велосипедски патеки 2 х 1,5 м и тротоари 2 х 2,5 м.). СЕ-3 е ул. "Сретко Крстевски" и"Беличица" Л=1765.8м; СЕ-4 е ул"101" Л=765.5м; СЕ-4' е Н.П. ул. "4'", " Л=491.1м и СЕ-5 е ул "Живко Брајкоски"Л=1726.6м.

СЕ-3' со регулациона ширина од 15,0м.(коловоз 7,0м., велосипедски патеки 2х1.5м, тротоари 2 х 2,5 м.) , дел од ул."Борис Кидрич"или " Илинденска"Л=164.2м.

СЕ-6, СЕ-7, СЕ-8, СЕ-8', СЕ-9, СЕ-10. СЕ-11, СЕ-12, СЕ-13, СЕ-14 со регулациона ширина од 13.00м. (коловоз 9.00м.-(3х3.00м., или 1х2.5м паркирање+2х3.75 сообраќајни ленти и тротоари 2х2.00м).

СЕ-6 (ул"ЈНА", Л=1226.3м), СЕ-7 (ул"М.Ч.Филипоски"и Н.П. ул."12, Л=728.4м), СЕ-8 (ул."Браќа Блажески", Л=506.8м), СЕ-8'(Н.П. ул."5", Л=381.4м), СЕ-9 (Н.П. ул. "6", Л=378.2м) , СЕ-10(Н.П. ул. "7", Л=291.6м), СЕ-11 (Н.П. ул. "8", Л=552.2м), СЕ-12 ("Илинденска", Л=899.6м), СЕ-13 (Н.П. ул. "9", Л=838.3м), СЕ-14 (ул."Ристо Оџаклиески", Л=511.2м,

СЕ-15, СЕ-16 со регулациона ширина од 12.00м. (коловоз 9.00м.-(3х3.00м., или 1х2.5м паркирање+2х3.75 сообраќајни ленти и тротоари 2х1.50м).

СЕ-15 (ул.Браќа Ѓиноски", Л=301.8м), СЕ-16 (дел од ул. "Борче Јованоски" и ул."Иво Лола Рибар", Л=659.7м).

СЕ-17, СЕ-18 со регулациона ширина од 10.50м. (коловоз 6.50м. и тротоари 2х2.00м).

СЕ-17 (ул."Кеј Вардар", Л=712.9м), СЕ-18 (Н.П. ул. "10", Л=935.8м).

СЕ-19, СЕ-20, СЕ-21, СЕ-22, СЕ-23, СЕ-24. СЕ-25, СЕ-25', СЕ-26, СЕ-27, СЕ-27' со регулациона ширина од 10.00м. (коловоз 6.00м 2х3.00сообраќајни ленти и тротоари 2х2.00м).

СЕ-19 (Н.П. ул."11", Л=1077.0м), СЕ-20 (Н.П. ул. "12", Л=362.6м), СЕ-21, (Н.П. ул. "13", Л=640.9м), СЕ-22, (Н.П. ул. "14", Л=1352.2м), СЕ-23, (Н.П. ул. "15" и ул. " 18 ноември", Л=594.6м), СЕ-24, (Н.П. ул. "16", Л=635.3м), СЕ-25, (Н.П. ул. "17", Л=436.0м), СЕ-25' (Н.П. ул. "18", Л=210.18м), СЕ-26, (ул. "Кеј Братство" и Н.П. ул. "25", Л=923.6м), СЕ-27, (Н.П. ул. "19", Л=572.9м), СЕ-27', (Н.П. ул. "20", Л=1407.0м).

СЕ-19' ,СЕ-26' со регулациона ширина од 9.50м. (коловоз 6.50м. и тротоари 2х1.50м).

СЕ-19' (Н.П. ул."21", Л=373.9м), СЕ-26' (Н.П. ул. "22", Л=355.1м),

СЕ-8'', СЕ-23' СЕ-28, СЕ-29, СЕ-29', СЕ-30, СЕ-31, СЕ-32. СЕ-33, СЕ-34, СЕ-35, со регулациона ширина од 9.00м. (коловоз 6.00м и тротоари 2х1.50м).

СЕ-8''(продолжеток на ул."Браќа Блажески", Л=199.0м),, СЕ-23' (Н.П. ул. "23", Л=225.7м), СЕ-28 (Н.П. ул. "24", Л=386.6м. во плански опфат и Л=173.6м надвор од плански опфат), СЕ-29 (Н.П. ул. "25", Л=882.1м), СЕ-29', (Н.П. ул. "26", Л=1201.4м), СЕ-30 (Н.П. ул. "27", Л=648.9м), СЕ-31, (ул. "Балиндолска", Л=602.9м), СЕ-32(Н.П. ул. "28", Л=428.8м), СЕ-33, (Н.П. ул. "29", Л=360.0м), СЕ-34, (Н.П. ул. "30", Л=1179.9м), СЕ-35(Н.П. ул. "31", Л=465.3м).

Вкупната должина и површина на планираните сообраќајници во оквир на опфатот на овој ГУП по категории изнесува:

Магистрални улици ----------	15 786.7 м^1	----------283 958.04 м^2
Собирни улици ----------	746.0 м^1	----------15 100.0м^2
Сервисни улици ----------	31 675.7 м^1	----------416 261.96м^2
Вкупно:	48 208.4 м^1	715 320.00м^2

4.2.2.6.1.2.Обиколни сообраќајници

Во планскиот период до 2021 год. за кој се работи овој ГУП можна е реализацијата и на обиколни сообраќајници. Единствено може да се очекува нова обиколница на магистралниот пат А - 4 , померени на север од постојната траса на А - 4. Тоа всушност претставува, дел од сообраќајниот коридор 8, кој има траса, на север од наплатната рампа, во

должина од околу 5.0км. до планираниот приклучок на југ, (на атарот од н.м. Д. Бањица).

Изградбата на оваа обиколница зависи од вкупната реализација на Коридорот - 8, од Деве Баир до Ќафасан, како автопатско решение, кој проект е од приоритетен значај за Република Македонија.

4.2.2.6.1.3. Стационарен сообраќај (паркирање)

Паркирање на возилата како проблем во Гостивар, ќе се решава со реализација на Генералниот урбанистички план, во склоп на поедини комплекси, блокови и објекти, со изработка на Детални урбанистички планови, за секој урбан блок, а во согласност со стандардите и нормативите за планирање, односно според Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти.

4.2.2.6.1.4.Железничка линија

Постојната железничка линија Кичево-Гостивар-Скопје, вклучувајќи ја и железничката станица Гостивар, задржани се во целост во овој ГУП. Единствено индустрискиот колосек за ф-ка "Силика", не се планира бидејќи престанаа причините за неговото понатамошно планирање. Индустрискиот колосек кој денес би врвел низ густо изграден простор, не може да се задржи, бидејќи со важечките ДУП-ови оваа траса е дислоцирана и објектите кои се изградени се во непосредна близина.

4.2.2.6.1.5. Водоснабдување

Со оглед дека досегашната состојба на водоводниот систем, која не обезбедува квалитетна вода, а во поглед на квантитетот на водата, во одредени временски интервали во денот се јавува недостиг на вода во горните зони, а врз основа на анализите за новото урбано подрачје на град Гостивар, превземени се и соодветни мерки.

Имено за постигнување на квалитетна вода и за изравнување на шпицевите на мах. дневна потрошувачка, се планира изградба на пречистителна станица за вода за пиење во прва фаза со капацитет од 300 л/сек. и резервоарски простор од 2500 м^3, а во втора фаза за уште 300л/сек. со додатен резервоарски простор уште од 2500м^3 со наметнатата потреба од зафаќање на нови количини на вода од 300 л/сек. од други извори, а према приложените хидраулични пресметки.

Хидротехничките пресметки покажаа дека потребната количина на вода за градот со приградските населби како што се Питарница, Караагач и Млаки кои спаѓаат во третираниот урбан опфат, и селата Чајле, Балиндол, М. Турчане и долните зони на с. Дебреше и Беловиште, а број на жители: 39800 а за водоснабдителна норма 350 л/ ден/ жит. која преставува состојба од 2003 год. изнесува Qдов. = 379 л/сек. и

треба да бидат решени функциите на секоја од намените, опфатени со оваа Измена на ГУП Гостивар, а во согласност со барањата на Општина Гостивар.

5.Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменска употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

5.1. Основни услови за изградба на објекти

Со пристапување на Измената на ГУП Гостивар (2011-2021г), а врз основа на пројавен интерес за измена постоен ГУП Гостивар, веќе е насочена можната намена на овој простор со оставање на можност за утврдување и други намени компатибилни на планираните.

Заради реализација на планот, а согласно намената на земјиштето основните услови за градба се во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, како и искуството во реализација на секаков вид објекти.

Останатите функции во опфатот со условите на градба ќе се организираат согласно оптималните основно функции за поедини намени. Максималниот дозволен процент на изграденост е до 70% за домување или зависно од намената, а максималниот коефициент на искористеност е дефиниран со важечките Законски нормативи во зависност од видот на објектите.

5.2.Градежни и регулациони линии и максимални висински коти

Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето. Граница на подрачје со иста намена на земјиштето- наменска зона претставува линија со која се дефинира поединечна намена на зона во Генерален урбанистичкиот план за Гостивар-измена.

Регулаторни линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистички план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носител на правото за градење. Регулаторни линии се регулационата линија и граница на градежна парцела.

Регулационата линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна намена.

Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површина за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Максималната висина на објектитена градбата е планска одредба со која сеутврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија - е предвидена да биде за сите објекти во согласност со важечките Законски прописи и нормативи и истата е дефинирана како висина до венец на објектот во однос на апсолутната кота на тротоарот до венецот на објектот(за рамни терени).

5.3. Услови за утврдување на градежната парцела и изградба на оградни зидови

Градежната парцела на објектите се утврдува со геодетска подлога на која е снимена ситуација на теренот, според постоечките имотно правни односи, а детелно ќе се дефинира со изработка на соодветен Детален урбанистички план или Урбанистички проект за конкретниот локалитет каде ќе се дефинираат подетално намената на површините во зависност од утврдената конкретна реализација на поедина фаза од реализација на намената на земјиштето во опфатот. Во рамките на границата на парцелата која и припаѓа на производните комплекси треба да се обрне внимание на партерното уредување на зафатот во кој се јавуваат како содржини, уредување на влезната партија, зеленило, огради пристапи и слично.

Оградите да бидат со максимална висина 2,2 м ,при што полн зидан парапет со максимална височина од 1,2 м а останатиот дел од оградата да биде транспарентен.

Сопствениците на објектите се должни постојано да ги одржуваат објектите, зеленилото, оградата и другите урбани елементи.

Урбанистичката парцела за индивидуалното домување ќе се утврдува според постоечките важечки стандарди и нормативи, а врз основа на имотно правните односи. Со изработката на соодветен Детален урбанистички план за конкретниот локалитет ќе се дефинираат подетално намената на површините во зависност од утврдената конкретна намена на поедина зона. Во овие урбанистички парцели, треба да се обрне внимание на партерното уредување на дворните површини во кој ќе се јават како содржини, паркирање и гаражирање, манипулативен простор, уредување на влезната партија, зеленило, жардинери и сл. Оградите да бидат со мах. висина кон улица 1.60м. (до 1.20м. може да е полна ограда, а над тоа транспарентна), а кон соседните парцели таа може да е со висина до 2.00м.(од внатрешна страна), со делумно транспарентни делови.

5.4. Генерални водови и објекти од сообраќајна и друга инфраструктура

Во фаза на изработка на оваа измена и дополна, анализирана е целокупната состојба на објектите на комуналната инфраструктура во поблиската и подалечната околина на опфатите. Сите инфраструктурни системи, во главно се задржуваат како што се зацртани во ГУП Гостивар.

Сообраќај

Профилите на сообраќајниците се задржуваат, како во ГУП Гостивар, во однос на ширичуната на урбанистичкиот профуи, но се намалува нивниот ранг, заради усогласување со условите за применливост на планските решенија и користење на некои стекнати права на градежни парцели за кои не постојат просторни можности за нови решенија.

Детален опис следи во поединечните текстуални делови за секоја наменска зона.

Ватрешните сообраќајници подетално ќе се решат со изготвување на детален урбанистички план.

-Паркирање

Паркирањето во границите на планскиот опфат ќе се решава во самите локации.

Димензионирањето на паркингот ќе се изврши согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. Весник бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 167/13 год. член 59 од цитираниот правилник. Сето ова ќе се решава со архитектонско-урбанистички проект, во зависност од изградената површина.

Во презентираното сообраќајно решение, отчитаните висински коти се приближни и истите се отчитани од геодетска подлога, во размер 1:5000. Овие коти, се коти на терен, а не коти на проектирани улици. Аналогно на тоа се наметнува дека и пресметаните падови на улиците се всушност падови на теренот. Од тука следува дека во понатамошната разработка на ниво на идејни и главни проекти за планираните сообраќајници, котите, должините и падовите на сообраќајниците ќе претрпат соодветни измени, односно ќе се утврдат реалните должини, падови, и висински коти.

Коловозната конструкција предвидена е со следните слоеви: тампон д = 45 см,врзни слој(ситен песок) 2см, битуминизиран шљунак д= 7см, и асфалт бетон (абајуќи слој) д=5см. Во колку со геомеханичките испитувања се јави слаба носивост на земјиштето, ќе се изврши корекција, односно санација со нов материјал врши корекција, односно санација со нов материјал, а тое ќе се реши со главниот проект за дотичната сообраќајница .

хортикултурно уредување со засадување на зеленило),
8041940 м2 x 12,5 е = 100524250 е

3. изработка на целокупната техничка документација за сите позиции заедно со вршење на стручен надзор при изградба на истите (3% од инвестиционата вредност)
2673945050 x 0.03 = 80218351.5 е

Потребно е да се напомене дека во опфатот, според апроксимативни проценки е изведено дел од инфраструктурата, како што е прикажани во прилогот Постојна состојба.

6.2.Политика, мерки и инструменти за реализација на планот

6.2.1. Население

Популациската политика претставува ефикасна мерка која преку систем на инструменти и активности влијае врз природниот прираст. Се оценува дека за обезбедување на плански развој се наметнува водење на активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на градот. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на семејниот и општествен живот на населелението и намалување на миграциите.

Единствената активна популациска политика треба да придонесе за свесно и сакано родителство, за подобрување на животните и работните услови на населението и за усогласен демографски, социјален и стопански развој на градот.

Менувањето на сегашното однесување на обновување на населението и потребата од создавање модел на современо семејство со просечен број од околу 2,3 деца, претставува долгорочен и сложен процес на усогласување на личните и заеднички потреби и интереси на граѓаните.

Демографскиот пораст, просторната разместеност на населението, густината на населеност на градот, миграционите движења и просторната разместеност на населението и вработените во релацијата на оваа категорија со активно население, детерминирани со овој План, треба да бидат глобални рамки во третирањето на истите елементи во плановите и програмите од пониско ниво.

Во прв ред наслението треба да ја прифати неопходноста за менување на репродуктивното однесување и потребата од воспоставување нови норми при своето биолошко однесување, како предуслов за остварување на позначајни ефекти во наредниот период. Смирувањето на природниот прираст во согласност со стопанскиот развој ќе овозможи

натамошни позитивни промени во семејството и подобрување на положбата на жените и децата.

6.2.2. Политика, мерки и инструменти за реализација на планот за група на класа на намени со етапи и приоритети за реализација на планот

6.2.2.1.А-домување

Промените во политичко економскиот систем, неминовно доведуваат до промени и во политиката на станбената изградба во смисол на појава на нови моменти во станбената изградба кои се манифестираат со напуштање на општествената изградба, рентиерство, внесување на нова категорија на социјални станови и политика за нивна реализација, нов начин на вреднување на станбената изградба и инвестирање во неа, процена на локацијата и ускладување на станбената со земјишната политика, индустријата, туризмот и комуникациите, и анализа и разрешување на проблемот на бесправната градба.

Решавањето на станбеното прашање, станбениот стандард, начинот и условите на домување битно влијаат врз психофизичката состојба на населението, начинот на однесување во општеството и просторот. Со цел за насочување на овие влијанија во позитивна насока, државата треба да превзема мерки за што полесно и поадекватно решавање на станбеното прашање, елиминирање на субстандардот, реконструкција на постојните станови и воопшто подигнување на станбениот стандард на разни начини (одобрување поволни станбени кредити, хипотеки и сл.).

Владата на Република Македонија иницира извесни активности во овој правец, преку изготвување на специјална програма за изградба на социјални станови и преку Министерството за Транспорт и врски се направија соодветни истражувања и анализи за можните локации за изградба на вакви станови, начинот на нивна градба, цената и сл.

Комплекс на социјални станови, што ги планира да ги изгради Владата на Република Македонија, во третираното урбано подрачје на град Гостивар, се заедничките станбени објекти во Блок 17.

Етапите за реализација на планските определби зацртани со проекцијата на станбените потреби се во директна зависност од многу фактори - демографски (пораст на население и домаќинства), економски, културни и др.

Реализацијата на потребните станови за новите домаќинства во планскиот период ќе се одвива постапно, во зависност од економските можности и во склад со порастот на стандардот и културата на домувањето

-Динамика на зголемување на бројот на жителите, домаќинствата и становите во период до 2021год.

	1994	2002	2021
жители	32926	35847	55000
домаќинства	7244	11216	13000
станови	7710	12635	13458

-Динамика на станбена изградба до 2021год. во Гостивар

	Нови станови	Вкупно станови	Зголемување на бројот на станови во %
1994		6651*	49.42
1994-2002	2823	9474	20.99
2002-2007	1282**	10756	9.53
2007-2014	1351	12107	10.03
2014-2021	1351	13458	10.03
Вкупно:	6807***	13458	100.00

* станови кои се задржуваат,
** нови станови за замена на супстандардните станови до 2002,
*** нови станови за градба

Значи, во Гостивар во период од 1994г. до 2021г. ќе се изградат 6807 станови, од кои во првите години од 1994 до 2002год. претпоставуваме дека се изградени 2823 стана, од 2002-2007 се заменати супстандардните станови до 2002год., а во останатите плански години претпоставуваме дека изградбата, периодично на седум години, би одела по 1351 стан, или по 1.43% годишната продукција на станови, односно по 193 стана годишно, во што е вклучена и супституцијата на субстандардните објекти.

Приоритетите во реализација на станбената изградба во планскиот период треба да бидат насочени, кон разрешување на проблемите од суштинско значење за подигнување на стандардот на домување и решавање на станбеното прашање. Во тој смисол, акцентот треба да се постави врз решавање на проблемите со субстандардните станови, односно елиминирање на истите и нивна супституција со квалитетни станови кои ќе обезбедат пристоен стандард на домување; решавање на статусот на бесправно изградените објекти и интензивирање на градбата на социјалните станови, пат по кој што се решава станбеното прашање на најзагрозените жители.

При планирање на Мешаната зона со домување, да се направи поконкретна анализа за дејностите што ќе се одвиваат тука, какви услуги и до кој степен ќе се даваат, а при тоа да не се влијае штетно на животната средина, при тоа да се има во обзир за домувањето, кое е непосредно блиску.

6.2.2.2. Б-комерцијални и деловни намени

Планирањето на развојот на центри претставува разултат на идентификација и анализа на развојните потреби на градот и потребите на населението. Мора да се има предвид дека центрите, по правило, се наменети за колективно задоволување на поголем број потреби од различит карактер.

Задоволувањето на основните - дневни потреби, хиерархиски класифицирани, по правило се обавува во локалните центри - центри, кои се разместени радијално, во однос на центарот на градот, односно централното градско подрачје. Истотака овие центри ќе бидат и центри на некои културно-забавни случувања, односно давање на услуги од јавен интерес. Во оваа Измена на ГУП Гостивар овие ценнтри се класифицирани во намени од групата класа на намени Б и тоа Б1- мали комерцијални и деловни намени.

Во планскиот период во развој на трговијата на мало, потребно е да се:

-Квалитативно подобри просторот наменет за трговија и услуги, затоа што тој во моментов е доста застапен, но не ги задоволува пропишаните санитарно технички услови, пропишани со закон.

- Квантитативно зголемување на стандардот за магацински простор од на 1м^2 продажен простор, во однос 1:1.

Тенденцијата е развиј на комплекси за трговија каако големи трговски единици-трговски центри, класа на намена Б2 големи трговски единици.

За одвивање на планираното занаетчиство да се обезбеди соодветен простор, во Трговско-занатчките центри, кои се планираат, а дел од овие дејности може да се планираат и во сервисната зона..

За развој на туризмот и угостителството, потребен е поголем интерес и вложувања како и реконструкција и модернизација на постојните и изградба на нови капацитети на туристичката понуда. Како угостителски објекти, класа на намена Б3-големи угостителски единици, постојат и функционираат, многу повеќе објекти, од некој оптимален број, потребни за ова урбано подрачје, треба да се оди на нивен квалитет во однос на услуга, асортиман и сл. За класа на намена Б4 -деловни дејности се планирани простори со концентрирани деловни намени како бизнис центри кои можат да бидат дел и од планираните трговски центри или големи станбени единици. За туристички капацитети, ќе стане збор, за објекти кои се надвор од урбаното подрачје, сместени во Мавровскиот регион. Потребно е и голем хотелски комплекс во градот, каков во моментов нема- класа на намена Б5 хотели.

Од класата на намени Б6-простори за собири потребно е изградба на градски стадион според современите трендови и потреби.

При планирање на објекти од оваа класа на намени, во рамките на урбанистичките планови, коефициентот на искористување на земјиштето (однос меѓу бруто развиената корисна површина на сите нивоа над теренот (од влезното ниво) и површината на парцелата, изнесува: за објекти и комплекси трговија мах. до 3.00, за објекти и комплекси за деловна намена мах. до 4.00, за хотели мах. до 5.0

Од комерцијалните објекти, односно од услужните, приоритет се дава на решавање на "Големиот" пазар. Со негова реорганизација, во трговски центар и отворен пазар, само се проширува квалитетно нрговата функција.

6.2.2.3.В-јавни институции

При изработка на деталните урбанистички планови за, објектите од јавен интерес, треба да се почитуваат површините, определени за таа цел, лоцирани во графичките прилози и дадени со билансни показатели. При планирањето на овие објекти, неопходно е пратење на динамиката на станбената изградба, нето и бруто густината на населението.

Покрај основните училишта, предшколските установи, разни видови деловен простор за секојдневни услуги, мали неизградени површини за детски, спортски игралишта, како комплементарни функции на домувањето, со деталните урбанистички планови можно, е предвидување на дополнителни содржини во колку се утврди нивната потреба.

При планирање содржини и објекти, како и нивно сообраќајно поврзување во рамките на урбанистичките планови, треба да се предвидуваат пристапи за хендикипирани лица до сите јавни објекти, особено објектите од здравството, образованието, социјалните дејности, комуникациите, објектите од култура и други содржини.

Програмската задача за зоните, односно објектите од јавен интерес ја составува надлежниот орган на локалната самоуправа во координација и соработка со соодветниот државен орган надлежен за работите од областа на урбанизмот.

Изградба на објекти од образованието, основни и средни училишта. Изградба на средно училиште, со што би се растеретиле двете средни училишта во урбан блок 2 и 12.

Изградба на градинки, пратејќи ја динамиката на станбената изградба.

Реализација на амбуланти, реконструкција, доградба, надградба и нови објекти, во урбаните блокови кои се подалеку од централното јадро.

Концепциски да се осмислат просторите за поранешните локалните центри, кои се дадени со површина, во повеќе блокови, кои ќе придонесат за зближување на луѓето, за активности од културата, спортот, а истовремено ќе даваат услуги од јавен интерес, (банка, здравство и др.).

6.2.2.4.Г-Производство, дистрибуција и сервиси

Производните активности и нивната просторна разместеност треба да бидат дефинирани врз основа на погодностите и можностите на градот и усогласени со концептот на овој План и одржливиот развој, во смисла на производна ориентација и функција во единствениот производен и стопански систем на Републиката. Идниот развој треба да се стимулира со мерки и инструменти за индустриската модернизација и поголема застапеност на терцијалните дејности.

Најголеми потенцијали за трајно оживување и динамизирање на производството се во постојните капацитети. Со ревитализација и пре структуирање на производството, а согласно барањата на пазарот, ќе се

создадат услови за зголемување на производството и на услугите. Значаен импулс за развој и за промена на стопанската структура треба да дадат бројните мали и средни претпријатија. Тие треба да се развиваат во сите стопански дејности за кои стопанството и населението ќе пројават интерес.

Приоритети во реализација на стопанскиот развој се следни: ревитализација и преструктуирање на постојните производствени капацитети; поголема примена на научните техничко-технолошките достигања; зголемување на извозот; зголемување на акумулативната и репродуктивната способност на стопанството на градот; развојот на мали и средни претпријатија и др.

Индустриските објекти, кои се во урбаното подрачје, во непосредна близина на домувањето, при нивно рестартирање да се оди кон одбирање, на таква индустрија, која помалку штетно, ќе влијаат на животната средина, (тука пред се´, се мисли на поранешна Силика). Исто така да се предвиди санитарна заштита, на сите индустриски објекти со подигање на насади од високо зеленило.

Во зоните со намена Г 2, 3, 4, мешана зона на лесна индустрија , сервиси и стоваришта или зоната-малото стопанство, Мешаната зона со домување, да се направи поконкретна анализа за дејностите што ќе се одвиваат тука, какви услуги и до кој степен ќе се даваат, а при тоа да не се влијае штетно на животната средина, при тоа да се има во обзир за домувањето, кое е непосредно блиску.

6.2.2.5. Д-Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

Критериуми кои треба да се почитуваат при изработка на детални урбанистички планови се: планско подигање на зеленилото, и на останатите комунални објекти во се према дадените нормативи, критериуми и зацртаните намени на површини; да се овозможи континуитет во поврзувањето на сите сегменти од озеленетите простори (парковски, блоковски, заштитни, линеарни и др. во една единствана интегрална целина); **постојните и со планот предвидени површини за зеленило, не смее да претставуваат резервна површина за други содржини, ниту пак да се пренаменуваат за друга намена**. Основни критериуми и елементи кои треба да се почитуваат при спроведување на ГУП, а се однесуваат на зеленилото се да: 70% од вкупнте површини наменети за зеленило да се покриени со висока вегетација и 30% од површините со ниска вегетација и тревници; во зависност од микроклиматските карактеристики на градот и регионот, потребно е да се применува вегетација во која ќе доминира широколисната вегетација во однос на иглолисната.

Да се создадат услови за активен спорт и рекреација на сите возрасни групи на население, и тие да се вградат во процесот на урбанистичко планирање, како еден од основните услови за здравје и просперитет на населението.

Да се создадт услови за резервни зони за меморијални простори и нивно планирање за поголем временски хоризонт.

Да се настојува, површините за спорт и рекреација, да се уредат , со цел да бидат подостапни, а на тој начин и поискористени, од пошироките маси на луѓе. Да се настојува во планскиот период да се задржат, зацртаните површини, за спорт и рекреација, а доколку има услови да се прошират, а не и обратно, да се користат за друга намена, затоа што во планскиот период имаме дефицит од зеленило по жител. Да се предвидат со ДУП, детски игралишта и спортски отворени терени во урбаните блокови, во зависност од бројот на жителите.

6.2.2.6. Е-Инфраструктура

Сообраќајна инфраструктура

Сообраќаен објект што треба да се реализира веднаш, е пробивањето на Булеварот "Браќа Гиноски" (сервисна улица СЕ-1'), во должина од околу 175м, што се протега во Блок 1. Оваа улица на овај потег, сега е тесно грло и го отежнува секојдневното нормално одвивање на сообраќајот.

Истотака за да се растеретат сообраќајниците од внатрешноста на урбаното подрачје, трба да се изведат, обиколните сообраќајници, како што се магистралните улица М-4 и М-5 .

Во планскиот период со изградба на Коридорот 8 (осум), треба да се овозможи врска - приклучок на градот Гостивар, на две места, на север кај Наплатната рампа, и на југозаоад, после мостот на Река Вардар (на атарот на Д. Бањица).

Со изработка на ДУП за поединечните блокови, да се обезбеди паркинг простор за секој блок поединачно.

Со изградба на Терминалите за товарни возила, би се растеретил градот од товарните возила.

Комунална инфраструктура

Од објектите од комуналната инфраструктура , треба приоритет да се даде на изградба на санитарна депонија, на соодветна локација и по сите технички норми и прописи, за ваков вид на објект.

Секој станбен и друг објект да добие приклучок на градска водоводна линија и приклучок во системот за евакуација на одпадните води.

Изградба на регионална пречистителна станица, која ќе ги прифаќа одпадните води, од урбаното подрачје на Гостивар и соседните населени места.

Општо

За комплекси или амбиентални целини кои се утврдени во Регистарот на споменици на културата, се изработуваат соодветни детални урбанистички планови со плански мерки за заштита на целината и објектите, според режимот утврден од соодветните служби за заштита на спомениците на културата.

Основни насоки за развој на обликување на просторот во подрачјата на интензивна градба треба да се одвива во правец на изградба на јавни содржини, простори за престој, поголеми групации зеленило, урбан дизајн, соодветни системи на визуелни информации, колоритни решенија, ноќно осветлување и друго, со што ќе се создадат услови за визуелни информации, ќе се подтикнат контактите и средбите на граѓаните, а со самото тоа и услови за збогатување на социо-културната компонента.

Со донесување на Генералниот урбанистички план на град Гостивар, потребно е да се реализира соответна регистратива и развој на мрежата на институции за адекватна имплементација и мониторинг на планот и тоа:

Изработка, донесување и спроведување на деталните урбанистичките планови; Изготвување на услови за инвестициони објекти кои се во надлежност на Републиката и давање мислење при издавање дозволи за изградба на инвестициони објекти од посебен интерес за Републиката; изготвување (поедноставување) на процесот и постапката за добивање на согласност и дозвола за изградба на инвестициони објекти надвор од опфатот на градежното земјиште; развој на информационен систем за просторот ; елаборација на просторните и еколошките аспекти во студии за оправданоста на проекти; подготовка на програми, политики на развојот, нормативно-правни прописи, нормативи, стандарди и други инструменти за реализација на Генералниот урбанистички план на Гостивар; изработка на други програми, експертизи, извештаи и други материјали, според барањата на државните органи и стопанските организации.

За потребите на реализацијата на наведените приоритети, неопходно е да се воспостави институционална, организациона и информативна мрежа која овозможува траен и систематски трансфер на информации од окружувањето кои во овие области се релевантни за градот и која вклучува прибирање и систематизација на научни и стручни истражувања од најразлични области во земјата и надвор од неа.

Во овој контекст се предлагаат следните приоритети по области:

-Систем на урбанистичкото планирање и методологија на планирањето: истражување на функционирањето на просторот и урбанистичкото планирање во услови на мешовито стопанство и изработка на компатибилни модели на социјалното, економското, еколошкото и друго планирање; проблеми на валоризацијата во урбанистичките планови; истражување на мерките за планско насочување

на развојот; изработка на методологија за следење (мониторинг) и оценка на - остварувањето (евалуацијата) на Генералниот урбанистички план на град Гостивар ,седиште на општина Гостивар.

-Домување: изработка на стандарди и нормативи за државното и банкарското стимулирање на субвенционирана станбена изградба со нивна територијална диференцијација.

-Заштита на животната средина: изработка на студии за влијание врз животната средина во урбанистичкото планирање; развој на биолошки и биоинженерски методи за заштита на животната средина и обнова на загрозените подрачја; постапка за третман на опасни материи, критериуми и методологија за избор на локации за депонии; истражување на еколошко-просторниот капацитет за развој на определени подрачја и тоа, приоритетно за: еколошки највредните, најсочуваните подрачја, подрачјата со најголема концентрација на население и активностите и подрачјата со најголеми просторни потенцијали за развој.

-Изработка на просторно-планска документација за Полошкиот регион, односно ревизија на постојниот Просторен план на регионот Тетово -Гостивар-Дебар, редефинирајќи ги целите и начинот на организацијата на населбите и просторот, конкретизација на планските решенија за развојот на населените места, разместеноста на функциите и намената на површините, посебно на контактот со урбаниот опфат на Гостивар и околината.

Многу проблеми, кои настојуваме да ги решиме со планирање на градот, евидентно е дека не се настанати во самиот град. Тоа се процеси на кои требе да се гледа од повеќе аспекти, интегрално и во рамките на просторното и урбанистичко уредување, политика и стопански развој на целата Полошка Котлина. За рационално користење на создадените урбани структури во градот од страна на населението разместено во Горнополошката Котлина, неопходна е создавање на услови за нивна достапност и оптимано користење. Од друга страна, дислоцирањето на одредени градски содржини во просторот на Котлината претпочита нивно вклопување во постојните физички и функционални структури разместени во окружувањето не нарушувајќи го квалитетот на средината.

Тргнувајќи од наведените аспекти и сложеноста на проблематиката на просторна организација на окружувањето предлагаме:

- Изработка на просторно-планска документација за Полошкиот регион, односно ревизија на постојниот Просторен план на град Гостивар, редефинирајќи ги целите и начинот на организацијата на населбите и просторот, конкретизација на планските решенија за развојот на населените места, разместеноста на функциите и намената на површините, посебно на контактот со урбаниот опфат на Гостивар и околинаата.

Со овој план треба да се постават и разрешат повеќе плански елементи: Редефинирање на хиерархијската и функционалната мрежа на

8.Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план

Со општите услови се уредуваат условите за градба на просторот во рамките на утврдената граница на плански опфат, освен во случаи каде што со посебни одредби не е одредено поинаку. Тие се основа при утврдување и издавање на урбанистичко-архитектонски услови за градба, врз основа на изготвен Извод од урбанистички план.

Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички очитани). Нумерички податоци ќе се добијат од РГУ во Гостивар при изработка на Детален Урбанистички план (ДУП), поединечно за секоја намена во опфатот или Блокот предмет на изработка на ДУП.

При изработка на ДУП да се прати подвоеноста на функциите во опфатот и истите да се групираат према нивната компатибилност.

8.1.Општи услови

8.1.1. Уредување на градот по Урбани единици-четврти и Блокови

Изготвената Измена на Генерален урбанистички план - ГУП за градот Гостивар, е основен плански документ со кој се определени границите на вкупниот плански опфат на градот и границите на основната територијална поделба на Урбани единици-четврти и Блокови.

Во Урбаните единици, односно во Блокови, извршено е зонирање според содржините во просторот, дефинирана е основната намена на земјиштето класифицирано по групи на клси на намени, и тоа за домување и сите содржини што го пратат, општествениот сектор, јавните функции, стопанството, зеленилото, спортот и рекреацијата, сообраќајот и другите инфраструктурни системи (Графички приказ 01). Биланснитe показатели во него содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот по Блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот.

Графичките прикази и биланснитe показатели го почитуваат и се изработени на основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти. Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и градителско наследство.

Изготвената измена на Генерален урбанистички план за Гостивар е основа за изработка на плановите од пониско ниво - Детални

урбанистички планови за Урбани единици од УЕ А до УЕ Д, односно Блокови од Б 1. до Б 42. - вкупно 42. Тој ги определува границите на градската територија, Урбаните единици и блоковите главно по природните граници, сообраќајниците и во некои случаи по границите на катастарските парцели. Условите за градба ќе ги определува надлежната служба при локалната самоуправа на општината врз основа на усвоениот ГУП, за изградба, доградба, надградба и реконструкција и изведување на други работи во рамките на блоковите, со изработка на Детални урбанистички планови за блоковите.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво усогласен е со Просторниот план на Р. Македонија.

1-Се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на Измена на Генералниот урбанистички план (ГУП) за Гостивар (2011-2021г.) за предметниот плански опфат кој е во границите на постојниот ГУП Гостивар

2-Се објаснуваат некои ставови за чие правилно спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш достаточни јасни одговори

3-Се укажува на надлежните органи за понатамошно донесување на акти низ кои ќе бидат поблиску и подетално согледувани и регулирани поедини конкретни зафати во рамките на планскиот опфатот на ГУП ко воедно е и урбано подрачје на градот

4-Се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

5-Границите за детално планирање ќе бидат границите на Блоковите. По исклучок Блоковите за кои постојат донесени ДУП-ови пред стапување во сила на овој ГУП, може да се оформат и плански опфати на површина помала од Блокот.

6-Компатибилноста на намени планирани во овој ГУП ќе се применува на сите нивоа на урбанистижко планирање согласно со Закон и Правилник

7-При изработка на сите детални планови блоковите во кои е регистрирано културно наследство, да се изработуваат Заштитно конзерваторски основи на недвижно културно наследство, во кои ќе бидат елаборирани сите детални параметри и подетален режим на заштита

8-Начелно, ГУП има посредна примена преку понатамошна изработка и донесување на Детални урбанистички планови и оформување на услови за градба, согласно со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05), како и Законот за измена и дополна на законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/2005, 137/2007 (пречистен текст 24/08), 91/2009, 124/2010, 18/2011, 53/11,(пречистен текст 60/11), 144/12, 55/13 и 163/13) и подзаконските прописи, Правилникот за поблиска содржина, размер и

начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ.бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Сл.весник на РМ.бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 167/13).

9-ГУП посредно се применува и преку изработка и реализација на инфраструктурни проекти за улична мрежа, комуналната инфраструктура и други програми и елаборати што произлегуваат, како обврска од позитивните законски прописи и овие параметри.

10-По донесувањето на овој ГУП (Генерален урбанистички план), ќе се пристапи кон изработка на ДУП-ови (Детални урбанистички планови), за секој Блок или дел од Блок посебно(дефинирано во точка 5).

11-Во граници на планскот опфат за временски период за кој планот се однесува, одредено е земјиште за парцели за изградба на намени дадени во планската документација со алтернативи да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на една наменска зона(но, не повеќе од пропишаниот % во однос на основната наменска зона одредена со план и правилник)

12-Во централното градско подрачје, за што поквалитетно донесување на одлуки за интервенции, ќе може да се изработуваат Детални урбанистички планови и за помали простори кои претставуваат амбиентални целини или посебни вредности од аспект на културно наследство или заради актуелна атрактивност, (како на пример: посебни улици, плоштадот и др.)

13-Утврдувањето на големината на блокови е извршено со проценка на спроведување на планот, со максимална големина од 30 ха. и оформена просторна целина со сообраќајници и други инфраструктурни системи.

14-Сите вредности на површини кои се дадени во овој ГУП (графички и текстуално) се апроксимативни, графички отчитани. Истите точно ќе се дефинираат при изработката на ДУП-овите.

15-При изработка на ДУП за Блок 10, 11 и 36, низ кој поминува водотекот на река Бањешница, потребно е да се почитува заштитниот појас од 50м. По исклучок во рамките на заштитниот појас од 50м. Можно е реализација на класа на намена А1-домување во семејни куќи по спроведена постапка согласно со Закон за води.(Напомена: Општина Гостивар има донесено Одлука на совет бр 08-2139/1 од 14.09.2015г. за широчината на заштитниот појас на р.Бањешница од 3-5м).

16-Заштитниот појас на Коридор 8 е во целост преземен од Проектот за реализација, заедно со заштитниот појас од 40м. Заштитниот појас во овој ГУП има информативен карактер и истиот ќе се инплементира при изработка на пониски нивоа на урбанистичко планирање согласно со Закон, кој ја дефинира широчината на заштитниот појас во населено место.

17-При пониските нивоа на урбанистижко планирање, некомпатибилните наменски зони задолжително да се одвојат со

заштитно зеленило во својата локација согласно со расположивите услови во просторот, заради заштита на околните останати наменски зони.

18-Детален урбанистички план се изработува врз основа на одредбите од законот за Просторно и урбанистичко планирање, одредбите на подзаконските акти што произлегуваат од цитираниот Закон и програмската задача за изработка на ДУП.

19-Програмска задача е извод од ГУП и содржи:

- Податоци за големината на земјиштето за кое треба да се изработи Детален урбанистички план (ДУП) и Инфраструктурен проект со опис на границите;
- Податоци за намената на површините според соодветниот графички прилог во генералниот урбанистички план (ГУП);
- Податоци од магистрална и друга улична мрежа, (освен станбена), низ или околу земјиштето за кое треба да се изработува Детален урбанистички план (ДУП) или Инфраструктурен ;
- Податоци за главните водови на комуналните инсталации;
- Податоци за јавни паркирни површини што треба да бидат задржани и вградени во ДУП;

20-Утврдувањето на регулационите линии, ќе биде во согласност со позитивните законски прописи и со Детален урбанистички план (ДУП) или Инфраструктурен проект ;

21-Утврдувањето на максималната висина, процент на изграденост, коефициент на искористување на земјиштето, попрецизно се врши согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Сл.весник на РМ.бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 167/13), а разработени со Детален урбанистички план (ДУП).

22-Постапката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план мора да се темели на анализа за степенот на реализација на постојниот план и неговата актуелна применливост, во која ќе се формулира потребата за промени на планот и нивната природа и обем;

23-Постапката нза Измена на ГУП Гостивар или делови од ГУП Гостивар ќе се врши врз основа на одредбите од Законот за Просторно и урбанистичко планирање, одредбите на подзаконските акти што произлегуваат од цитираниот Закон и програмата за изработка на урбанистички планови што ја усвојува Советот на Општина Гостивар.

8.2.Овие услови за планирање се применуваат во сите фази на разработка и реализација на ГУП и претставуваат негов составен дел.

- Условите ќе се применуваат во границите на планскиот опфат на урбаното подрачје на Генералниот урбанистички план, кој изнесува 804.194 ха..

- Составен дел на овие одредби се графичките прилози во Р=1:5000 како и текстуалниот дел.

8.3.Урбаното подрачје на градот е поделено во овој ГУП на следните единици на градежно земјиште: блок и четврт. Планскиот опфат на ГУП-от е поделен на 5 (пет)урбани единици- четврти, кои понатаму сесоставени од повеќе блокови и тоа:

- Четврт "А"-урбана единица "Центар" која е составена од Блоковите од 1-9
- Четврт "Б"-урбана единица "Дутлок" која е составена од Блоковите од 10-16
- Четврт "В"-урбана единица "Тоскалар" и VI, VII i VII зона, која е составена од Блоковите од 17-28
- Четврт "Г"-урбана единица "Питарница, Караагач" која е составена од Блоковите од 29-37
- Четврт "Д"-урбана единица "Млаки" која е составена од Блоковите од 38-42

8.4.Четвртта или урбаната единица е најголема единица на градежното земјиште во населеното место(особено градот)која се состои од повеќе блокови и земјиште за општа употреба. Границата на четвртта се совпаѓа со границите на блоковите од нејзиниот периметар.

8.5. Блокот е посложена единица на градежното земјиште од градежната парцела , и се состои од една или повеќе градежни парцели и земјиште за општа употреба Границата на Блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии и граници на градежни парцели

8.6.Уредувањето на намената на земјиштето во блоковите од 1 до 42, е определено со следните групи на класи на намени:

А домување,
Б комерцијални и деловни намени,
В јавни институции,
Г производство, дистрибуција и сервиси
Д зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори,
Е инфраструктура,
Мешана намена од две или повеќе компатибилни намени,

кои следствено се составени од следни класи на намени по блокови:

- **Четврт "А"-урбана единица "Центар" која е составена од Блоковите од 1-9**

Блок 1:
А.домување
Класи на намени: А1 домување во станбени куќи, А2 домување во станбени згради,
Б.Комерцијални и деловни намени

Класи на намени: Б2-големи трговски единици со поединечна намена Трговски центар, Б4-деловни простори со поединечна намена деловни објекти, Б5-хотели со поединечна намена хотел

В. Јавни институции

Класи на намени: В3-култура со поединечна намена Кино, Саат кула, Музеј, В5- верски објекти со поединечна намена црква и џамија

Д. Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

Класи на намени: Д1-парковско зеленило со поединечна намена Парк

Е. Инфраструктура

Класи на намени: Е1-Комунална инфраструктура со поединечна намена Сообраќајници, Паркинг, Пешачка зона

Е2-Комунална супраструктура со поединечна намена Пошта,дел.зграда и А2

Блок 2

А.домување

Класи на намени: А1 домување во станбени куќи, А2 домување во станбени згради,

Б.Комерцијални и деловни намени:

Класи на намени: Б1-мали комерцијални и деловни намени без дефинирана поединечна намена, Б2-големи трговски единици со поединечна намена Трговски центар

В. Јавни институции

Класи на намени: В1-образование и наука со поединечна намена Основно училиште и Средно училиште, В4-државни институции со поединечна намена, Локална самоуправа

Д. Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

Класи на намени: Д1-парковско зеленило со поединечна намена Парк

Е. Инфраструктура

Класи на намени: Е1-Комунална инфраструктура со поединечна намена Сообраќајници,

Блок 3

А.домување

Класи на намени: А1 домување во станбени куќи, А2 домување во станбени згради,

Б.Комерцијални и деловни намени

Класи на намени: Б1-мали комерцијални и деловни намени без поединечна намена, Б2-големи трговски единици со поединечна намена Трговски центар, Б4-деловни простори со поединечна намена Деловни простори, Б6-Простори за собири со поединечна намена-спортска сала

В. Јавни институции

Класи на намени: В1-образование и наука со поединечна намена Основно училиште, В2 здравство и социјална заштита со поединечна намена медицински центар, Центар за социјална заштита и Детска градинка; В3-

9.Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

9.1. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште при спроведување на планот

Предметниот ГУП ќе се реализира преку изработка на Детален урбанистички план за целиот плански опфат во граници на блок или делови од Блок и инфраструктурен проект.

А.Домување

Основен, а воедно и нај доминантен вид на намена, во блоковите, се станбените објекти за домување.

Во зоните за домување според густината на домување е одреден типот на домувањето, па според тоа блоковите можат да бидат изградени со:

- А1- домување во станбени куќи, кои може да бидат самостојни, двојни, во низ и со внатрешен двор.
- А2-домување во станбени згради, наменети за организирање станбени објекти со поголем број станови со заеднички двор (блокови, кули, куќи во блок, терасести и др. структури).

Сите горенаведени станбени објекти, според намената, можат да бидат:

-станбени или

-станбено-деловни.

Ова во согласност со процентот на компатибилни намени согласно со важечки прописи.

Во зоните со доминантна содржина домување покрај улиците може да се планираат потези - мешовито домување со комерцијални (терцијални) содржини ;

Во зоните со доминантна содржина домување се предвидуваат комерцијални содржини, рекреативни содржини, како и сл.содржини што го пратат домувањето и се во склоп на градежните парцели или во посебни парцели, како самостојни објекти. При реализацијата на ГУП Гостивар, односно при уредување на просторот и изработката на Деталните урбанистички планови, иако не се во обележаните зони под услов да се почитуваат мерките за затита на окружувањето може да се предвидат наброените содржини.

Нето густина на населеноста во рамките на наменската зона за домување на ниво на ГУП, при изработката на Детални урбанистички планови претставува бруто густина на населеност во однос на вкупната површина за која се изработува детален план.

При изработка на Детални урбанистички планови за делови од зона за домување, зависно од системот на градба треба да се спазуваат просечните густини на населеност како и просечниот број на станови и

станбена површина на еден хектар, како што е прикажано во анализите на Измена на ГУП за Гостивар.

Отстапувањата се движат во однос на просекот од - 10% до +35%. За поголеми отстапувања надвор од овие граници потребни се посебни образложенија.

Карактеристично е да се спомени дека со овај ГУП, се дава посебна Мешана намена -домување со комерцијално деловни намени, каде покрај услужните, деловните и сервисните услуги ќе има услови и за домување. Во оваа зона домувањето ќе биди пратечка функција на услужните, деловните и сервисните услуги, каде објектите ќе се дефинираат во зависност од интересите на населението, со ДУП.

Во наменската зона за домување можат да се предвидуваат и градат засебни компатибилни намени и објекти исклучиво за нестанбени намени, а првенствено оние компатибилни на домувањето (за основно школство, примарна здравствена заштита, институции за деца од претшколска возраст, спортско-рекреативни пунктови, мали комерцијални и деловни намени и сл.).

Во рамките на зона за домување возможна е градба на објекти со нестанбена намена од поширок значај (реонски и градски) и тоа првенствено оние од областа на образованието, културата, угостителството, управата, администрацијата и сл. под услови што ќе произлегуваат од ДУП за соодветен простор што претставува дел од зона за домување.

Во зоните за домување се предвидуваат и градат објекти и за нестанбена намена, а првенствено оние комплементарни на домувањето (за основно образование, примарна здравствена заштита, институции за деца од предшколска возраст, спортско-рекреативни пунктови и сл.)

Во зоната на домување, во блоковите, со изработка на ДУП да се предвиди простор за јавен паркинг, за детски игралишта, и за други пратечки содржини на домувањето.

Комерцијален коридор на објекти (низа на трговско-услужно објекти) да се планира покрај поголемите градски сообраќајници (магистрални, собирни и сл.) од ГУП Гостивар. Овој коридор подразбира катастарски градежни парцели по должината на сообраќајниците кои се наменети за класа намени Б-комерцијално-деловни намени (Б1,Б2,Б3) или др. компатибилни намени

Урбаните санациони мерки се применуваат за подобрување на квалитетот на постојните објекти со поправање и модернизирање на објектите и непосредната околина, заради обезбедување на хигиена, стабилност, заштита на животната средина, естетски изглед на населбите и подигнување на културното ниво на средината. Во Деталните урбанистички планови за делови од зона за домување со нивните Услови за планирање, попрецизно ќе се обработат условите за реконструкција,

доградби, надградби и адаптации на постојните објекти, како и лоцирање на нови.

Б.Комерцијални и деловни намени

Содржините во комерцијалните објекти (трговија, услуги, угостителство, деловни намени, хотели, туризам, простори за собири и др.), во урбаното подрачје, ќе се определат, во текот на изработката на ДУП.

Комерцијален коридор на објекти, (низа на трговско-услужни објекти), да има покрај поголемите сообраќајници (магистрални, собирни, др.).

Трговски услуги можат, да се даваат во секој станбен објект (семеен или заеднички), доколку има обезбедено деловен простор.

Во оваа категорија на објекти карактеристични се локалните центри, во категоријата на центри. Во урбаното подрачје на Гостивар, системот на центри, би изгледал вака:

- центарот на градот - плоштадот,
- блок 1 (еден) - централното градско подрачје и
- локални центри, дистрибуирани по блокови.

Локалните центри се таква категорија на објекти, сместени во зоната на домување, кои ќе пружаат поблиски услуги на населението од областа на културата, забавата, образованието, здравството, административни услуги и сл.

Објектите од типот на пазари што се наоѓаат во урбаното подрачје, ја задржуваат истата местоположба, но осовремени со планско решение на трговски центри со мултифункционална намена.

Со изработка на ДУП, пазарот ја збогатува својата содржина, со тоа што големиот пазар ќе добие функција на Трговски центар со отворен пазар.

В. Јавни институции

Сите содржини од областа на јавните институции програмирани се врз база на стандардите пропишани за секоја содржина поединечно. Зоните определени за овие содржини нужно е да се резервираат за наредните плански периоди доколку нивната реализација не е можна до крајот на овој плански период

В1-Образование

Развојот на основни училишта ќе ги има следните определби: Да се постигне рамномерна дистрибуција на објекти од овој вид во просторот на градот со радиус на опслужување од мах. 600м; обезбедување по поволни услови за целосен опфат на учениците со задолжително основно

добино соодветен третман, односно регулацијата е утврдена со соодветна техничка документација, кој треба да се почитува при изработка на ДУП или Инфраструктурен проект.

За река Бањешница е планиран заштитен појас од 50м. Со условена примена согласно со Законот за води.

За планирање на содржини и објекти покрај реките треба да се применуваат одредбите на Водостопанската студија на Република Македонија.

Каналите за наводнување се планира да се дислоцираат, во спротивно ЈП што стопанисува со нив, да направи соодветна заштита, да се покријат, со цел да се заштити населението од несакани последици.

Е. Инфраструктура

Предложените решенија на инфраструктурните коридори, имаат информативен карактер, односно да укажат на концепциите на идниот развој. Понатамошната реализација и дооформување на инфраструктурните системи, ќе се врши со изработка на ДУП или инфраструктурен проект.

Сите нови улици од примарната градска мрежа да се реализираат согласно на профилите предвидени со овој План, а постојните при нивната реконструкција да се прилагодат на овие профили во максимално можна мерка. На тој начин ќе се обезбеди подолжно паркирање за голем број возила, но едновремено и можност за формирање дрвореди и велосипедски патеки предвидени во тротоарите на улиците;

Е1 комунална инфраструктура

Стациониран сообраќај-паркинзи, сообраќајници и жел. линија

-Стационираниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје.

-Паркирните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.

-Јавно паркирно или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирни и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини.

-Сите останати паркирни и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници, и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

-Планирањето на нови јавни паркинзи и гаражи ќе се врши со Детални урбанистички планови и тоа првенствено во централното градско подрачје и во останатите блокови , во зависност од бројот на возилата.

-Определување на простори за паркирање и запирање на возила се врши со проекти за сообраќај, во постапка утврдена со закон, според критериумите дефинирани со планерските карактеристики и проектните услови и елементи на уличната мрежа, како и според стандардите и нормативите од областа на сообраќајот.

- Обврската за обезбедување на паркирање се подмирува во рамките на расположивата градежна парцела. Ако во парцелата нема достаточно површина, условот за обезбедување на паркирни или гаражни места ќе се бара во состав на габаритот на објектот. При тоа мора да се води сметка за одредбите во Правилникот за стандарди и нормативи за планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 167/13).

-Во урбаното подрачје на град Гостивар, утврдувањето на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила, се врши со сообраќајни проекти за утврдување на условите и режимот на сообраќајот, во постапка утврдена со закон, а во согласност со планерските критериуми и проектните услови и елементи за градски улични мрежи.

-Начинот на вкрстосување на улиците од примарната сообраќајна мрежа во градот е дефиниран според утврдената категоризација, како и усвоените функционални нивоа. Сите вкрсувања на примарната со секундарната улична мрежа се решени во ниво, со поставен сообраќаен знак за дефинирана предност на улиците, а по потреба и со светлосна - семафорска сигнализација.

-Крстосниците во и надвор од ниво, како и врските меѓу магистралните и сервисните улици прецизно се дефинираат во идејните и главните проекти за реализација на поедини сообраќајници.

-Вкупниот попречен профил на сообраќајниците и попречниот профил на коловозите не смее да се стеснува, а другите сообраќајни површини меѓу регулационите линии на сообраќајниците (како што се тротоарите, велосипедските патеки, зеленилото и сл.) , по потреба може да се менуваат само во идејни или во главни проекти за реализација на соодветната улица, во согласност со стандардите и нормативите за проектирање во областа на сообраќајот. Конкретизацијата на утврдениот попречен профил на сообраќајниците од примарната улична мрежа ќе се изврши со изработка на идејни и главни проекти и во случаи кога позначајни постојни објекти навлегуваат во профилот.

-Вкупниот попречен профил на подземните приклучоците, за подземно паркитање, може да се проширува според потребите утврдени во идејните и главните проекти за секоја сообраќајница поединечно.

-Етапност во реализацијата на примарната сообраќајна мрежа може да има и при изградба на булеварите, при што како прва фаза може да се изгради и да се стави во функција како заокружена сообраќајно - технолошка целина само едниот коловоз од булеварот.

-Етапност може да има и при реализацијата на планираните денивеларни крстосници во примарната сообраќајна мрежа, односно тие

може како времено решение да се градат во ниво и така да функционираат се додека сообраќајните токови не нараснат до големина кога мора да се оствари планираната денивелација.

-Во оваа Измена на ГУП Гостивар е преземена и трасата на планираниот Коридор 8. Неговата заштитна зона е дадена со пропишана ширина од 40м, согласно со Закон. Секаде каде Коридорот 8 минува низ границите на плански опфати на други урбанистички планови на околните места на градот Гостивар, неговата широчина ќе се дефинира според важечките прописи и норми кои важат за населено место.

-Трасата на жел. линија која поминува низ планскиот опфат на ГУП-от од пругата Скопје-Кичево останува во целост иста. При пониските нивоа на планирање да се запазат заштитните зони на пругата во согласност со Закон кој е на сила во моментот на изработка на ДУП и прописите и норми кои се на сила за крстосување со новопланираните сообраќајниците низ градот.

Сите други водови од комуналната инфраструктура, водоснабдување, канализација(фекална и атмосферска), електрика и телефонија, гасовод и сл. Доколку нема доволно податоци или одредени решенија во ГУП-от нер се целосни може да се решаваат со Инфраструктурни проекти.

Е2 Комунална супраструктура

Овде спаѓаат сите градби од комуналната инфраструктура какотерминали, катни гаражи, бензиски пумпни станици,услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20КВ, градби од производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови аеродроми, гранични премини и сл.

Како посебна површина што се дава во овај ГУП, е површината за Терминал. Ова површина ќе се организира така што ќе ги прифати, тешките возила кои што имаат потреба да влегуваат и престојуваат во градот. Се планира две локации за терминал, со површина каде ќе се овозможи паркирање за 150 товарни возила.

